Министерство за здравство

Светска здравствена организација

| WHO&ESGAP курс: **Како да се подобри употребата на антибиотици во мојата болница: практично запознавање со рационално пропишување на антибиотици** | Документ бр.: 02 |
|---|---|
| Место: Хотел „ТЦЦ Гранд Плаза“, Скопје<br>Датум: 25-26 јануари, 2017 г. | Верзија: 02 јануари, 2017 г. |

# Опфат и цели

Здравје 2020, новата Европска рамковна политика за здравје и благосостојба, утврдува стратегии за дејствување и има за цел да ги поддржи активностите на владино и општествено ниво насочени кон „значително подобрување на здравјето и добросостојбата на населението, намалување на здравствените нееднаквости, зајакнување на јавното здравје и обезбедување универзални, правични, одржливи и висококвалитетни здравствени системи“. Здравје 2020 упатува на тоа дека владите можат да постигнат вистински напредок во здравјето доколку работат кон остварување на две поврзани стратегиски цели. Тоа се: а) подобрување на здравјето за сите и намалување на здравствените нееднаквости, и б) подобрување на лидерството и партиципативното владеење за здравје.

Препознавајќи ја важноста на Антимикробната резистенција (АМР) како еден од најголемите глобални проблеми и придобивките на долгорочен план за креирање на подобро информирани здравствени политики, Министерството за здравство во соработка со Канцеларијата на Светската здравствена организација, организираат курс со цел практично запознавање со рационално пропишување на антибиотици.

## Цели

Врската меѓу употребата на антибиотици и нивната отпорност е јасна. Отпорноста на антибиотиците е резултат на честото и несоодветното пропишување антибиотици.

Со менување на начинот на употреба на антибиотиците постои можност да се поврати осетливоста на микроорганизмите кон антибиотиците.

Контролите покажуваат големи промени во рецептите за антибиотици, но сепак нивната непотребна употреба е најзагрижувачка.

Целта на настанот е да се даде осврт на антимикробната резистенција како глобален проблем и рационално пропишување на антибиотици како решение, вклучувајќи ја безбедноста и добрата грижа за пациентите.

Поточно овој настан има за цел да:

- Да се зголеми разбирањето на АМР како глобален, национален и локален проблем;
- Да се даде можност учесниците да ги разберат основните елементи на рационално пропишување на антибиотици во болниците;
- Да се подигне свеста за главните пречки при рационално пропишување на антибиотици во болниците;
- Да се обучат учесниците да го пренесат стекнатото знаење и вештини потребни за рационално пропишување на антибиотици;
- Да се поттикнат учесниците да размислуваат за своите следни чекори на темата рационална употреба на антибиотици и нивно пропишување во болниците.

**Очекувани резултати**

Очекуваните резултати од овој настан се пренесување и размена на знаење, обучени доктори, спремни за развивање на антимикробна контрола, односно рационално пропишување на антибиотици во болниците, како и подготвени да го пренесат своето знаење на своите колеги.

**Методологија на работа**

Работа во групи, презентација, пленарна дискусија со заклучоци.

| Стручна, техничка и административна поддршка: ЦРИС Студиорум |
| --- |